НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ШТИП

*Борци од 19-та бригада „Гоце Делчев“ во слободен Штип*



# 80 години СЛОБОДА (1944-2024)

Штип, ноември 2024

## ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ШТИП

Кон крајот на ноември 1944 година започнало бавното повлекување на Германците од исток и југ преку градот Штип. Притиснати од сите страни, повлекувањето на Германците се одвивало многу отежнато. Последните попатни борби и движењето без одмор, ја исцрпувале германската војска, која со себе носела болни, ранети па и мртви команданти и војници.

Поминувајќи преку осиромашените и опустошени села и населби, со постојани судири и борби, германската војска со себе носела гнев и голема омраза. Својата омраза Германците постојано ја манифестирале со безбројни убивања, грабежи и уништувања на многу имоти и куќи. Така во периодот од 14 октомври па се до 7 ноември 1944 година, при повлекувањето, германските војски извршиле масовни убиства во селата Крупиште, Долни и Горни Балван, Аргулица, Судиќ и Врсаково, каде биле стрелани 109 лица. Селото Крупиште било запалено и уништено до темел и биле стрелани 49 возрасни мажи што биле затекнати во селото.



*Митинг во слободен Штип*

Ноќта спроти 8 ноември германската војска притисната од нападите на единиците на 50-та Дивизија, го напуштиле градот. При повлекувањето Германците минираат неколку воени магацини, парната пекара, како и мостовите на реката Брегалница.

Победоносен и неповторлив 8 ноември 1944 година. На плоштадот како надојдени реки, од сите страни, од сите улици и сокаци, се слеале млади и стари Штипјани, од сите вери и националности, за да ја поздрават и да и се радуваат на слободата.

Помеѓу собраниот народ имало и многу партизани со македонски развиорени знамиња носеле слобода, носеле младост, носеле песна.

Секој од присутните длабоко во своето битие чувствувал дека:

**„ Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата“**.





*Смотра на единиците на 48-та Дивизија во Штип*







*Боро Милевски-Грујо, командант и началник на 50-та македонска дивизија, по улиците на ослободен Штип*

**Наслов на Публикација:**
80 години слобода (1944-2024)

**Автор на текстот:**
Емилија Коруновска - кустос советник, историчар

**Издавач:**
Национална Установа, Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип

**За издавачот:**
Марија Причкова Митева, в.д. директор

**Уредник:**
Марија Причкова Митева, в.д. директор

**Фотографии:**
НУ Завод и Музеј - Штип
Кире Спасов

**Печат:**
Европа 92 - Кочани

**Тираж:**
30

**Штип, 2024**

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

355.48(497.731)”1944”(083.824)
94(497.731)”1944”(083.824)

КОРУНОВСКА, Емилија
80 години слобода : (1944-2024) / автор на текстот Емилија Коруновска ; фотографии Кире Спасов. - Штип : Национална Установа, Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2024 (Кочани : Европа 92). - 6 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-67035-3-0

а) Штип -- Ослободување -- Воени операции -- 1944 -- Каталози б) Штип -- Историја -- 1944 – Каталози

COBISS.MK-ID 64596485